# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ
# ЦЕТРИНЕ® / CETRINE®
**cetirizine hydrochloride**

филм обложени таблети, 10mg

***Пред да почнете со употреба на лекот, внимателно прочитајте го упатството.***
- *Чувајте го упатството. Може да Ви треба и понатаму.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам и не треба да го препорачувате на други. Може да им наштети дури и ако симптомите се исти како Вашите.*

**Во ова упатство ќе прочитате:**
1. Што претставува CETRINE® и за што се употребува.
2. Пред да почнете со употреба на CETRINE®.
3. Како се употребува CETRINE®.
4. Можни несакани ефекти.
5. Чување на CETRINE®.

**Активна супстанција:** цетиризин хидрохлорид.
**Помошни супстанции:**
**јадро:** лактоза, пченкарен скроб, повидон, магнезиум стеарат.
**филм-обвивка:** хипромелоза, макрогол 6000, титан диоксид, сорбинска киселина, прочистен талк, полисорбат 80 и диметикон.
Фармацевтска форма и јачина: филм обложени таблети, 10mg.
**Пакување:** 20 филм обложени таблети (блистер 2 x 10) / кутија.
**Производител:**
Dr. Reddy's Laboratories Limited
Survey No.42, 45 & 46, Bachupally-500 072, Andhra Pradesh, Индија.
**Број и датум на одобрението за промет:**

**Носител на одобрението за промет:**
РИФАМ ДОО
Ул. "Мара Угринова" бр. 144, 1230 Гостивар, Р. Македонија.

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА CETRINE® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?

Cetrine® е лек за третман на сезонски алергиски ринитис (hay fever), целогодишни алергии како алергии на прашина или домашни миленичиња (целогодишен алергиски ринитис) и уртикарија (оток, црвенило и јадеж на кожата).
Антихистаминиците како Cetrine® ги намалуваат непријатните симптоми и нелагодност поврзана со горенаведените состојби, како што се кивање, иритација, затнат нос, јадеж, осип на кожата, црвенило и солзење на очите, кожни исипи.

## 2. ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ СО УПОТРЕБА НА CETRINE®.

Доколку сте бремени или ако Вашиот лекар ве информирал дека имате проблеми со бубрезите, треба да се консултирате со вашиот лекар пред да почнете со употреба на лекот. Не треба да го употребувате лекот ако доите или имате или некогаш сте имале алергиска реакција на било која помошна супстанција на лекот.
Ако Вашиот лекар Ви кажал дека имате неподносливост кон некои шеќери, обратете се кај Вашиот лекар пред да почнете со употреба на лекот.
Како и со другите антихистаминици, треба да избегнувате употреба на алкохол за време на терапијата со Cetrine®.
Доколку некогаш сте имале некаква реакција на антихистаминици, консултирајте се со својот лекар пред да почнете со употреба на лекот.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА CETRINE®.

*Возрасни и деца над 6 години:* една таблета дневно.
*Деца од 6 - 12 години:* може да земаат по половина таблета двапати дневно или една таблета дневно.
Таблетите треба да се земаат со вода.
**Запомнете:** Доколку сте заборавиле да земете таблета Cetrine®, треба да земете веднаш една штом се сетите, но почекајте најмалку 24 часа пред да ја земете наредната таблета.
Доколку сте земале поголема доза од препорачаната, веднаш консултирајте го својот лекар.
Доколку чувствувате поспаност или зашеметеност, земајте половина од дозата, два пати на ден, за да се редуцираат овие несакани ефекти. Cetrine® не се употребува кај деца помали од 6 години.
**Доколку симптомите не исчезнуваат, консултирајте се со својот лекар.**

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ.

Како и сите други лекови и Cetrine® може да предизвика несакани ефекти, иако не се јавуваат кај сите пациенти. Доколку:

- имате чести главоболки;
- имате стомачни проблеми;
- се чувствувате возбудено;
- имате пролив;
- сува уста;
- чувствувате слабост;
- имате променето чувство за допир;
- чувствувате замор, зашеметеност (вртоглавица) или поспаност;
- ви се јавува јадеж и кожен исип.

**Престанете со употреба на таблетите и обратете се кај својот лекар.**

Утврдени се други ретки несакани ефекти како: крварење и појава на модринки, забрзана срцева работа, отежнато фокусирање, замаглен вид, отекување, алергиски реакции / шок, промени во функцијата на црниот дроб, конфузија, депресија, агресивност, зголемување на телесната тежина, невообичаени движења на екстремитетите, променет вкус во устата, несвестица, халуцинации, несоница, ноќно препотување, болка и/или потешотија при мокрењето, црвенило и/или кожен исип во форма на дамки.

Доколку забележите неко сериозно или неочекувано несакано дејство, **престанете со употреба на таблетите и обратете се кај својот лекар.** Вообичаено, овие таблети не предизвикуваат поспаност. И покрај тоа, некои пациенти различно реагираат на терапијата. Доколку сте поспани, не треба да возите или ракувате со работни машини, но треба да продолжите со терапијата, бидејќи вообичаено овој несакан ефект не трае многу долго.

## 5. ЧУВАЊЕ НА Cetrine®

Да се чува на температура до 25°C, заштитено од светлина и влага.
ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!

**Рок на траење**
2 години од датумот на производство.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на текстот**
Септември 2008.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

Process Blue 254 C 40 % BLACK C BLACK C

PANTONE CODE

NOT TO BE PRINTED
VERSION : 8
1. Added zip code

ЦЕТРИНЕ

ЦЕТРИНЕ 10mg

Cetirizine Hydrochloride 10mg

Dr.Reddy's

1508982

83-16-40

# CETRINE

# ЦЕТРИНЕ

Една филм-обложена таблета содржи: 10mg Цетиризин дихидрохлорид. Пред употреба внимателно прочитајте го внатрешното упатство. Да се чува на собна температура до 25 ° C, заштитено од светлина и влага. Да се чува на места недостапни за деца! Лекот се издава само на лекарски рецепт (Р). Лекот е за перорална употреба.ATC: R06AE07

Решение бр.:

Производител:
Dr. REDDY'S LABORATORIES LTD.,
Survey No. 42, 45 & 46, Bachupally - 500 072,
A.P. ИНДИЈА

8 901148 007017

